годишен


ИЗВЕШТАЈ


2023



replek
За мое добро.

НАЈВАЖНИТЕ МОМЕНТИ ВО 2023

















- ИСТОРИСКИ ПОРАСТ НА ПРОМЕТОТ СО РЕКОРДНИ 41%
- ЗЛАТЕН СПОНЗОР НА ВАЖНИ СТРУЧНИ ФАРМАЦИСКИ НАСТАНИ ВО МК – ЦЕСПТ
- МЕЃУНАРОДЕН САЕМ CPHI БАРСЕЛОНА – НАЈГОЛЕМИОТ ФАРМАЦИСКИ НАСТАН ВО ЕВРОПА
- ПОСТОЈАНА ЕДУКАЦИЈА ВО ВРАБОТЕНИТЕ
- SMART ФАРМАЦЕВТ
- ТАЛЕНТ ПРОГРАМА
- СПОНЗОРИ НА ЕУРОФАРМ ЛИГАТА

Содржина

01 Корпоративни информации **5**

Извештај од работењето на Надзорниот одбор на Реплек АД 6

Извештај од работењето на Управниот одбор на Реплек АД 8

Членови на Управниот одбор на Реплек АД 9

02 Обраќање од Генералниот директор на Реплек АД Душан Пецовски **11**

03 Клучни финансиски показатели **13**

Финансиски ризици и управување со истите 20

04 Луѓето во фокус **22**

Едукација на вработени 25

Програма за управување со перформансите 26

Бенефити за вработените 27

Здравје и безбедност при работа 27

05 Општествена одговорност **29**

06 Продажба и маркетинг **32**

Сертификати 37

Планирани инвестиции во производството 38

07 Акционерите во фокус **39**

Структура на акционери и акционерски капитал 40

Дивиденда 41

08 Инвестиции **42**

09 За мое добро **44**

01

КОРПОРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

Извештај од работењето на Надзорниот одбор на Реплек АД

Во согласност со позитивните законски одреби, како и Статутот на Реплек АД, Надзорниот Одбор е одговорен за контрола и надзор врз работењето на компанијата. Надзорниот одбор се состанува четири пати годишно, и како дел од своите обврски е разгледувањето на одлуките од Управниот одбор и нивно усвојување.

Надзорниот одбор го разгледа Бизнис планот на друштвото за 2024 година, кој се состои од: план на продажба, план на трошоци, план на работна рака, и планиран паричен тек. Бизнис планот кој е предвиден за 2024 година, е усовен како издржан и сеопфатен со цел постигнување на целите на Реплек АД. Надзорниот одбор е составен од.четири члена и во 2023 се состоеше од:

Георгиевски Антонио,
Претседател на Надзорен одбор Дипл. Економист Основач и Управител на ДТУ АГ Ситко Скопје

Андреевски Петар,
Член на Надзорен одбор Дипл. Електро иженер Извршен директор и Ко-основач на Друштво за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје

Гашевски Владимир,
Независен член на Надзорен одбор Дипл. Правник Адвокат во Адвокатска канцеларија Владимир Гашевски

Наум Јанакиев,
Член на Надзорен одбор ВСС Бизнис менаџмент и комуникација

Јана Алич Јужина,
ВСС Маркетинг, организација и лидерство, Директор на продажба Подравка Словенија.

Согласно Законот за трговски друштва како и Статутот на Реплек АД, Надзорниот одбор има право да врши надзор на менаџментот на компанијата, како и да анализира и проценува документи на компанијата.

За време на своите формални седници, Надзорниот одбор ги разгледуваше и дискутираше сите важни прашања вклучително и неревидираните финансики резултати и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година како и оние за периодот од 1 јануари до 31 март 2023; 1 јануари до 30 јуни 2023 и 1 јануари до 30 септември 2023.

По деталните анализи и проценки како и соодветно презентирање на резултатите од страна на менаџерскиот тим на Реплек АД, беа одобрени извештаите споменати погоре.

Надзорниот одбор изврши и редовна проценка на менаџментот на компанијата, работата како и активностите кои ги превзеле во 2023 и процени дека работењето од страна на менаџментот е успрешно за 2023 година, како што е и прикажано во позитивните резултати во финансиките извештаи и резултати на компанијата.

Како една од поважните активности на НО е и оценката и разгледувањето на бизнис планот за 2024 година како и предизвиците посочени за реализација на истиот. Проценката на НО е дека презентираниот бизнис план, е согласно капацитетите на Реплек АД, визијата за креирање добросостојба за сите учесници како и во согласност со добрата пракса.

Надзорниот одбор ги разгледуваше и одобри Предлог одлуките за дивиденден календар (исплата на дивиденда), како и Одлуките за откуп на сопствени акции.

Надзорниот одбор целосно ги исполни своите цели и планирани активности. Составот на Надзорниот одбор, нивното искуство и знаење како и високи компетенции се во согласност со потребите на Реплек АД. Комуникацијата на Надзорниот одбор со менаџерскиот тим на Реплек, е во рамки на позитивната комуникација како и високо ниво на професионалност и без конфликт на интереси.

Извештај од работењето на Управниот одбор на Реплек АД

Управниот одбор на Реплек АД, оваа година заседаваше редовно и вршеше редовна контрола на работењето и активностите на друштвото.

Освен редовните активности, Одборот вршеше и месечни контроли на извештаите за трошоци, со цел контрола на зададените цели, роковите за плаќање, како и целосен увид и контрола на залихите со цел максимизирање на профитабилноста.

Управниот одбор исто така ги донесе следните Одлуки

- Одлука за прифаќање на проценка
- Одлука за дивидендна политика
- Одлука за издавање под закуп на маркетот при Реплек Маркет ДООЕЛ

Управниот одбор го разгледуваше и одобри Бизнис планот и стратегијата за 2024 година и даде насоки на тимовите за негова реализација. Управниот одбор одлучи дека Бизнис планот е врз основа на реалистичните очекувања и предвидувања како и со капацитетите на друштвото. Управниот одбор го усвои и финансискиот календар на Реплек АД за 2023 година.

Во 2023 година, членовите на Управниот одбор го разлгедаа и усвоија 5 годишниот инвестиционен план, кој значително ќе ги засили оперативните капацитети и дополнително ќе ја зацврсти позицијата на Друштвото на домашниот и странските пазари.

Работата на Управниот одбор на Реплек АД, е во согласност со обврските предвидени со Законот за трговски друштва, Статутот на Реплек АД како и целосно усогласен со Кодексот за корпоративно работење на Македонската Берза, за компании кои котираат на Берзата.

Членови на Управниот одбор на Реплек АД:



Душан Пецовски

Генерален директор

Претседател на Управниот одбор

Што ве инспирира на работното место?

Предизвиците, можноста за раст, секојдневните комуникации со луѓето. Визијата и вредностите кои ги градиме.



Коста Котески


Директор на Снабдување и Комерција

Заменик Генерален Директор

Член на Управниот Одбор

Што ве инспирира на работното место?

Синергијата од претходни искуства и научени лекции, можноста за раст.



Марјан Велковски

Директор на Оператива
Член на Управниот Одбор

Што ве инспирира на работното место?
Влијанието кое го имаме во секојдневието. Можноста за креирање на подобра иднина.



Панче Гелевски

Директор за Продажба и Маркетинг
Член на Управниот Одбор

Што ве инспирира на работното место?
Тимот, желбата и визијата да се гледа напред.

02

ОБРАЌАЊЕ ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА РЕПЛЕК АД ДУШАН ПЕЦОВСКИ



И 2023 година беше година полна со предизвици. Новата бизнис парадигма е целосно променета, предизвиците најверојатно ќе растат од година во година. Бизнисот, веќе неколку пати повторувам - нема комфорна зона, години наназад. Среќен сум што годинава, го задржавме правецот кој го поставивме, што успеавме да остваримe историски напредок и резултати.

Со зајакнување на позициите на пазарите, консолидација на портфолиото и промоција на потенцијалите, постигнавме големи успеси. Остваривме раст на приходите од продажба од фармација од 42%, во споредба со истиот период минатата година. Позитивните деловни резултати што ги бележи компанијата во овој период од 2023 година се должат на растот на приходите од продажба во сегментот фармација на странските пазари од 43%, а раст е остварен и на домашниот пазар за 37%, споредено со истиот период од минатата година

Новиот стратешки пристап, диверзификација на ресурсите, како и зајакнување на квалитетот на нашето портфолио се клучните причини за постигнатите резултати. Но, ова е само почеток на една нова приказна на Реплек но и на македонската фармацевтска индустрија. Имено, нашиот потенцијал и промените кои ги направивме во компанијата очекуваме уште посилно да растат во следниот период, особено на странските пазари, каде што квалитетот е веќе добро познат. Тоа ни дава солидни причини да бидеме оптимисти, а потенцијалните можности за проширување на нашите активности се дополнителна причина. Истовремено развојот на Реплек е значаен за македонската фармација бидејќи е директна потврда за потенцијалот и експертизата што ја имаме, особено во човечкиот капитал. Реплек АД ќе продолжи со огромна посветеност да ја гради својата приказна и во следниот период. Особена гордост, лично ми претставува што сум на чело на компанијата, во овој тежок но и успешен период.

Следната 2024 година, заеднички очекувам уште поголеми успеси за сите нас – за потрошувачите, за вработените и за акционерите! За сите нас - добросостојба!

Душан Пецовски

Генерален директор и претседател на управен одбор

03

КЛУЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Клучни финансиски показатели

Групацијата Реплек Скопје ја извршува дејноста преку 3 правни субјекти:

- Реплек АД Скопје – веледрогерија за големопродажба на лекови, медицински помагала и медицинска опрема.
- Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје – фабрика за лекови и хемиски производи,
- Реплек Маркет ДООЕЛ Скопје – друштво за трговија на големо и мало, увоз – извоз и услуги

На консолидирано ниво Реплек во 2023 ги оствари следните резултати:

'000 MKD	2023	2022	Промена %
Оперативни приходи	1,870,258	1,370,146	37%
Приходи од продажба	1,587,371	1,251,666	27%
Нето добива по оданочување	280,628	81,937	242%
Нето профитна маржа	15%	6%	151%

Консолидирана добивката по оданочување во 2023 е 280.628 илјади денари (4,56 милиони евра) што претставува раст од 242% во однос на 2022. Оперативните приходи изнесуваат 1.870.258 илјади денари и се зголемени за 37% во однос на 2022, додека оперативните расходи изнесуваат 1.609.464 илјади денари и бележат зголемување од 30% во однос на истиот период претходната година.

Приходи од продажба како дел од вкупните оперативни приходи изнесуваат 1.587.371 илјади денари (25,8 милиони евра) и бележат раст од 27% во однос на истиот период минатата година.

Клучни финансиски показатели


Во финансиска година 2023 во однос на 2022 има промена во структурата на приходи. Приходи од дејност Трговија на разни стоки и Угостителски дејности преку Реплек Маркет се прекинати целосно во Јануари 2023 и истите се заменети со пасивни приходи од наемнина.

Стратешки фокус на Реплек АД е сегментот фармација. Консолидирани приходи од продажба на сегмент фармација изнесуваат 1.546.218 илјади денари (25,1 милиони евра) и бележат раст за 42% во однос на минатата година.

Приходи од продажба '000 МКД	2023	2022	Промена %
Трговија и Угостителство	41,153	161,9W62	-75%
Сегмент Фармација	1,546,218	1,089,704	42%
Вкупно	**1,587,371**	**1,251,666**	**27%**


Како дел од стратегијата на Реплек АД е зајакнување на пазарните позиции како во земјата така и во странство, следејќи ја оваа стратегија бележиме пораст на двата регионални пазари (домашен и странски):

Приходи од продажба, степен на раст по регионални пазари



Приходите од продажба на странски пазар се зголемени за 43% односно по региони како што следи:

Приходи од продажба и степен на раст по региони




Приходите од продажба на домашен пазар на сегмент фармација се зголемени за 37% во однос на истиот период минатата година.

Приходите од продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги кои се реализирале преку Реплек Маркет се намалени за 80% во однос на минатата година поради прекинување на угостителски услуги во мај 2022 година и дејноста трговија на разни стоки во јануари 2023 година, а истите се заменети со пасивни приходи од наемнина.

Приходи од продажба по региониални пазари:

Приходите од продажба на странски пазари со учество во вкупните приходи од продажба од 78% што е во насока на постигнување на стратегиските цели. Реплек предвидува структурирање на вкупните приходи од продажба така што три четвртини произлегуваат од извозната активност, додека една четвртина се реализира на домашниот пазар.



Учество во вкупни приходи по сегмент - 2023

Клучни финансиски показатели

Консолидиран Извештај за Сеопфатната Добивка е прикажан во продолжение:

'000 МКД	2023	2022	Промена %
Оперативни приходи	1,870,258	1,370,146	37%
Приходи од продажба	1,587,371	1,251,666	27%
Останати приходи	282,887	118,480	139%
Ефект од движење на залиха	46,770	- 28,244	-266%
Оперативни расходи	-1,609,464	-1,237,126	30%
Директни материјални трошоци	- 826,022	- 680,600	21%
Останати трошоци од работењето	- 93,039	- 141,783	-34%
Трошоци за вработените	- 392,553	- 346,961	13%
Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	- 65,019	- 67,782	-4%
Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства	- 232,830	-	
Оперативна добивка	307,565	104,776	194%
Расходи од финансирање	- 13,048	- 6,901	89%
Добивка од редовно работење	294,516	97,875	201%
Данок од добивка	- 13,888	- 15,938	-13%
Нето добивка по оданочување	280,628	81,937	242%
Нето профитна маржа	15%	6%	151%

Движењето на приходите е главно поврзано со пораст на продажбите на сегмент фармација како на домашен така и на странски пазар. Следствено повисокиот волумен на продажби повлекува повисоки расходи за дирекни материјали. Оперативните расходи бележат пораст од 30% главно поради дирекните материјални трошоци (движени од волумен) и трошоци за вработени (резултат на пазарните услови на пазарот на труд).

Останатите трошоци од работењето бележат позитивен тренд, истите се намалени за 34% споредбено со 2022.

Во текот на 2023 година Реплек АД, на консолидирано ниво, направи промена во Сметководствената политика во делот на вреднување на основните средства и премина од Модел на набавна вредност на Модел на објективна вредност. Со оваа промена се евидентираше реалната вредност на основните средства на компанијата и во согласност со Сметководствените стандарди, ефектите од проценката се соодветно евидентирани во книгите на друштвото и инкорпорирани во резултатите за годината.

Клучни финансиски показатели

Консолидираниот Извештај за Финансиската Состојба е прикажан во продолжение:

'000 МКД	2023	2022	Промена %
Средства	**1,939,880**	**1,363,757**	**42%**
Нематеријални средства	22,160	5,614	295%
Материјални средства	1,510,560	1,358,143	11%
Вложувања во недвижности	407,161	-	
Тековни средства	**978,472**	**899,342**	**9%**
Залихи	454,461	408,362	11%
Побарувања	280,781	334,018	-16%
Пари и парични еквиваленти	243,230	156,962	55%
ВКУПНО СРЕДСТВА	2,918,352	2,263,099	29%
Главнина и Резерви	**2,215,155**	**1,533,837**	**44%**
Обврски	**703,197**	**729,262**	**-4%**
Тековни обврски	**605,130**	**598,735**	**1%**
Обврски спрема добавувачи и останати обврски	436,688	439,330	-1%
Обврски за краткорочни кредити и хартии од вредност	168,442	159,405	6%
Долгорочни обврски	**98,067**	**130,527**	**-25%**
Обврски за долгорочни кредити и хартии од вредност	98,067	130,527	-25%
ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ	2,918,352	2,263,099	29%

На крајот на 2023 година, Групацијата располага со актива во износ од 2.918.352 илјади денари со следната структура:

- Долгорочни / постојани средства од 1.939.880 илјдаи денари, зголемени за 42% во однос на 2022 како резултат на проценката спроведена во 2023, со учество од 66% во вкупната актива.
- Тековни средства во износ од 978.472 илјади денари зголемени за 9% во однос на 2022, составени од Залихи, Тековни побарувања и Парични средства. Зголемувањето во тековни средства е главно резултат на зголемените парични средства (соодветно објаснети во Извештајот за парични текови), останатиот дел од Тековните средства е резултат на нето движењето помеѓу залихите и побарувањата од купувачи, при тоа имаме ефект од зголемување на нивото на залиха (движено од поголемиот волумен за продажба) и намалување на побарувањата од купувачи што и покрај зголемениот волумен бележат спротивен тренд поради поволните услови за наплата договорени со купувачите).


Во однос на Капитал, Резерви и Обврски; Обврските учествуваат со 24% во вкупните извори на средства, истите бележат тренд на благо намалување во апсолутен износ во однос на 2022, главно поради намалување на обврските по основ на кредити и заеми. Учеството на обврските во вкупните извори на средства е значително намалено во однос на 2022 од 32% на 24%.

Консолидиран Извештај за Парични Текови:

'000 МКД	2023	2022
Парични текови од оперативни активности	336,773	91,276
Парични текови од инвестициони активности	-102,900	-26,590
Одливи за камати	-10,886	-5,157
Парични исплати за враќање на заеми	-23,423	4,432
Краткорочни и долгорочни кредити и заеми	-	110,000
Исплатена дивиденда	-49,418	
Откуп / продажба на сопствени акции	-63,878	-108,618
Зголемување/намалување на паричните средства	86,268	65,343
Парични средства на почеток на годината	156,962	91,619
Парични средства на крајот на годината	243,230	156,962

Во текот на 2023 на консолидирано ниво Реплек прикажува пораст на генерираните парични средства, истото е резултат на оперативните активност.

Дополнително, Реплек АД Скопје согласно Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп Број 02-1979/1, донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 27.04.2022 година, изврши откуп на сопствени обични акции преку Македонска Берза на неколку наврати во текот на 2023 година со што вкупно поседува 2.111 сопствени обични акции, односно 8,14% од основната главнина на друштвото.



Финансиски ризици и управување со истите

Групацијата влегува во различни трансакции кои произлегуваат од секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

1. Пазарен ризик

1.1 Ризик од промени на курсевите

Групацијата влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од набавки и продажби на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. И покрај изложеноста од можните флуктуации на странски валути, Групацијата континуирано ги следи промените и соодветно ги алоцира средствата со цел ефектите да бидат минимални.

1.2 Кредитен ризик

Групацијата е изложена на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Групацијата нема значајна концентрација на кредитен ризик.

1.3 Каматен ризик

Групацијата се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Групацијата има користено вакви кредити

може да се каже дека постои изложеност спрема ваков вид на ризик, но тој зависи од движењето на финансиските пазари. Каматните стапки на кредити кои ги користи Групацијата во текот на 2023 се стабилни.

1.4 Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Групацијата нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со континуирано обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски. Преку оперативните активности Друштвото генерира доволно средства за да ги покрие своите тековни обврски, како што впрочем се гледа преку извештајот за Готовински текови, Друиштвото ги покрива сите обврски од оперативното работење и генерира дополнителни средства во текот на 2023.

2. Ризик на финансирање

Групацијата врши финансирање на своето работење со сопствени средства како и со користење на краткорочни или долгорочни кредити од банки. Групацијата континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа. За периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година кредитното задолжување е намалено за 23.424 илјади денари, односно на 31 декември 2023 година изнесува 266.508 илјади денари (на 31 декември 2022 година изнесува 289.932 илјади денари).

'000 МКД Обврски по основ на кредити	31/12/2023	31/12/2022	Вкупно
	266,508	289,932	-23,424

04

ЛУ́ЃЕТО ВО ФОКУС

Луѓето во фокус

Во 2023 година, Секторот Човечки ресурси успешно се справи со сите предизвици, притоа растеше и се развиваше и самиот како Сектор.

Посветеноста на вработените да го прикажат тимскиот дух низ нивната работа, како и да ги поттикнат сите вработени успешно да ги постигнат своите цели и целите на компанијата, уште еднаш вродија со резултати. Резултати кај самите вработнеи, како и во севкупната работа и целите.

Целосното реструктуирање на компанијата, завшри токму оваа 2023 година. Креирана е и поставена нова организациска структура каде се сегментираат и класифицираат работните позиции, притоа создадени се агилни тимови. Нивото на хиерархија и одлучување е интегрирано со цел брза реакција и одлука. Поголемиот дел на раководни позиции се пополнети интерно, по пат на промоција.

Секој сегмент од нашето работење го насочуваме кон корпоративно управување на транспарентно носење одлуки, стандардизација, оптимизација и дигитализација на процесите.

Започнат е RAP - Replek Administrative Practice, систем на стандардизирање на работењето во сите административни процеси кои се однесуваат на Групација Реплек како интегриран менаџмент систем кој во себе ги интегрира ISO 9001 и ISO 14001, но не ги опфаќа GMP (Good manufacturing practices) , и GDP (Good distribution practices) кои веќе се уредени во сообразен QMS систем.

Со овој систем се очекува:


Задоволување
на законски и
регулаторни барања.
Побрзо пребарување
и дистрибуција
на документи;
Стандардизирање на
корпорациски документи
(Процедури, СОП-ви и
упатства за работа)
Континуирано
подобрување на
процесите;
RAP
Replek
Administrative
Practice
Поставување на јасни
одговорности, транспарентност,
подбора комуникација и
поефективно работење

Успешно е поставен флексибилен процес за регрутација и селекција на кандидати, преку кој повеќе од 70 нови колеги се приклучија на тимот на Реплек.

Склучивме

меморандум за соработка а воедно и ја продлабочивме соработката со средни училишта и универзитетите.

Учествуваме

на саеми за кариера, а дадовме наш придонес во проектот “Јас, Фармацевт”.

Организиравме

работилници преку кои студентите од фармацевтски факултет имаа можност да го надградат своето знаење.

Започнавме

со програмата за практикантска работа под името “Јас, Реплек практикант”,

Реализиравме

феријална пракса за средношколци согласно законот за Дуално образование.

Едукација на вработени

Постојано инвестираме во нашите вработени, овозможивме стручно усовршување со цел создавање на интелектуален капитал во компанијата, изграден врз основа на стручни екпертски знаеања, компетенции и вештини кои ни овозможуваат следење на светските трендови и заземање на лидерска позиција на компанијата не само во земјата туку и во регионот.

Диазјниравме нова програма за управување со таленти, каде нашите вработени ќе се надоградуваат и ќе ги развиваат своите лидерски вештини преку специјално креирани едукативни модули и поддрша од експерти во предвидените области:

Започнавме со организирање на интерни обуки каде наши вработени споделуваат свое искуство и знаење во област за која имаат стекнато експертиза.

Од друга страна, нашите вработени имаат прилика да посетуваат екстерни едукативни настани и посета на конференции и конгреси.

Доделени се 5 стипендии за Здравствена специјализација по испитување и контрола на лекови, Специјалистички студии по Фармаковигаланца и кратка програма на студии за Фармацевтска микробиологија.

Програма за управување со перформансите

Започнавме со програма за управување со перформансите на вработените, која се креира по прв пат и е наменета ефикасно и континуирано да ги идентификува, мери и подобрува перформансите на вработените преку усогласување со целите на компанијата. Процестот е стратешки и систематски, а има за цел:



Во правата фаза започнавме со ФОС – Сесии за фидбек и ориентација на ниво на раководни позиции, додека за 2024 година планирано е да прерасне во систем за управување со перформансите до ниво на секој вработен

Бенефити за вработените

Воведени бенефити за вработените во 2023 година:

- Годишен бонус врз основа на компаниските резултати за претходната година
- Велигденски надоместок
- Регрес за годишен одмор
- Училишен додаток
- Божиќен/Новогодишен додаток

Здравје и безбедност при работа

Здравјето и безбедноста на нашите вработени се секогаш на прво место. За таа цел во 2023 година воведовме неколку добри практики.

- Воведовме физиотерапевтски услуги за нашите вработени со цел превенција и одржување, а дополнително вршиме и едикација на нашите вработени за грижа за здравјето , превентивни прегледи , здрав начин на исхрана и физичка активност со експерти кои се докажани во овие области.
- Едукација на вработени за Безбедност и здравје при работа (Организирани се online и onside обуки на сите вработени во групација Реплек)
- Избрании се претставници од редот на вработените за БЗР кои прават редовна контрола
- Набавена е нова лична заштитна опрема
- Поставени се специјални ПП апарати за самогаснење на сите електрични табли на локалитетот Реплек

Заштитата на животната средина е од круцијално значење за целокупното наше делување. Во согласност со регулативата, како и нашата Политика за животна средина како пристап кон одржлив развој, се стремиме влијанието кон животната средина од нашето работење, да го ублажиме, да дадеме ефикасен одговор на сите еколошки предизвици и да го докажеме нашето општествено одговорно дејствување.



Заклучно со трет квартал, собрани се вкупно :

- 23 тони картон (картон и картонски буриња),
- 5,1 тони пластика (најлон, пластични шишиња и пластични буриња),
- 18,5 тони метал (метални буриња, сталажи и друга ситна железарија),
- 205 кг алуминиум (туби и фолија).

05

ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ


Општествена одговорност

Секоја компанија има тежина и одговорност, кон општеството и околината во која работи. Реплек веќе втора година креира свои проекти со цел да допре до одредени таргетирани прашања од сферата на животната околина, подобрување на условите за работа и живот започнувајќи од нашите вработени и нивните семејства па се до активна поддршка на спортот и здравиот начин на живот.



Намали го градот,
засили го зукот
на природата!

Денови за одбележување
и потсетување за грижата
за своето здравје







Ретвитни оброк – Веруваме во моќта на колективното дејствување и позитивното влиијание врз нашата заедница. 150 пакети хранливи оброци, спремени од напите вработени.

Крводарителска акција – Светски ден на крводарителството





Gentleman's Ride – станавме верен поддржувач на оваа манисфестација за подигање на свеста за машкото здравје

06


ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ

Продажба и маркетинг

Реплек АД го продолжува трендот на позитивни резултати во поглед на пораст на прометот како во делот на продажбата на странските пазари, така и во делот на домашниот пазар.

Промените имплементирани во делот на извозната стратегија резултираа со историски резултати во поглед на пораст на прометот од вкупно 42% споредбено со истиот период минатата година. Вкупниот пораст за 2023 изнесува 43%, а домашниот пазар бележи пораст од 37%.


Приходи од продажба




Приходите од продажба по географски сегменти во 2023-та година:

- Приходите од продажба на странски пазари со учество во вкупните приходи од продажба од 78% се зголемени за 43%
- Приходите од продажба на домашен пазар се зголемени за 37% во однос на истиот период минатата година

Странски пазар (000)МКД



Домашен пазар (000)МКД



Во 2023 год Реплек ги зацврстува позициите на Европскиот пазар и за првпат реализира продажби на унгарскиот пазар.

Од минатата година, тенденцијата е ревитализација на веледрогеријата како и нејзино модернизирање согласно стандардите на GPD Праксата.

Оваа година, дистрибутивното портфолио се прошири со седум нови производи, притоа дел од нив опфаќаат и регионални застапништва.

Фокусот и оваа година, е во креирање на силни сопствени брендови, кои го носат Реплек логото и квалитетот.












Во исто време, развиваме пет нови производи кои ги следат медицинските трендови, и кои ќе бидат соодветна генеричка опција за иновативните лекови. Целта е да одиме во чекор со потребите на модерниот начин на живот, давајќи им на нашите корисници прозиводи кои ќе превенираат, и кои имаат за цел да го подобрат нивниот квалитет на живот.

Минатата година, се инвестираше во Sales Vision, кој претставува целосна дигитализација на маркетинг и продажните активности, со цел олеснета и подобрена работа, секако и поголема контрола на процесите. Оваа година, имаме целосна употреба и интеграција на овој систем. Користиме напредни аналитики во секој сегмент од работата, со цел максимизирање на тимовите и навремени информации.




Производ со највисока продажба во 2023 година

Посетата и активното учество на различни стручни саеми како и конгреси, и годинава е тренд кој го следиме. Нашата визија е да бидеме пристуни секаде каде има потенцијал за развивање на фармацијата, иновациите како и севкупните новини во рабоењето. Оваа година се појавивме и како златни спонзори на многу вакви настани, со цел поддршка на развојот на фармацијата и размената на искуства и знаења.

Бизнис планот за наредната година, обезбедува континуиран раст на Реплек, во рамките на своите капацитети. Предвидено е освојување на нови пазари и раст на домашниот пазар.

Рег.	МКД.
CIS	864.402
EU	43.306
MENA	239.250
SEA	48.952
SEE	218.590



Сертификати

- Стекнат EU GMP Сертификат за потврда на добра производна пракса од Европска Агенција за лекови, авторизиран преку JAZMP - Agency for Medicinal Products and Medical Devices of the Republic of Slovenia (06/2023).
- Добиена дозвола за производство, пакување и ставање во промет на препарати кои содржат екстракти од канабис за медицински цели, во новите производни простории авторизирана од Агенција за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (02/2023).
- Добиена дозвола за производство на концентрирани и разредени екстракти од канабис за медицински цели во новите производни простории авторизирана од Агенција за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (02/2023).

Планирани инвестиции во производството

- Нова линија за автоматизирано примарно и секундарно пакување на цврсти дозажни форми
- Напредни инспекциски системи за визуелна, тежинска и фарма код контрола на примарно и секундарно пакување
- Нова линија за сериализација и агрегација согласно со барањата на EU и EAEU
- Нова линија за автоматизирано секундарно пакување на течни и полу-цврсти форми
- Нова опрема со зголемени капацитети за производство на течни форми
- Нова опрема со зголемени капацитети за производство на полу-цврсти форми
- Проширување на производен погон за лекови со нови производни простории, односно додавање на нови фармацевтски чисти соби
- Проширување на капацитетите на HVAC системите во производен погон
- Зголемување на капацитетите на системите за фармацевтско отпрашување

07

АКЦИОНЕРИТЕ ВО ФОКУС

Структура на акционери и акционерски капитал

Акционерскиот капитал на Друштвото претставува номиниран капитал кој се формира со издавање на хартии од вредност (акции) на акционерите. Со состојба на 31 декември 2023 година, Друштвото има издадено само обични акции. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

Структурата на акционерскиот капитал на Реплек АД е составена од домашни и странски правни и физички лица.

Номиналниот капитал на Реплек АД Скопје изнесува 25.920 акции со номинална вредност од 562,42 евра или номинален капитал во вкупен износ од 14.577.926 евра.

	2023	2022
Издадени и целосно уплатени	**број на акции**	**број на акции**
Обични акции	25,920	25,920
Вкупно акции	25,920	25,920

Според евиденцијата на Македонската берза, во 2023 година се истргувани 404 акција со 124 трансакции (без блок трансакции). Минимална цена по акција од 75.000,00 денари, односно максимална цена од 95.000,00 денари или просечна цена од 81.947,64 денари.

	2023	2022
	во МКД	**во МКД**
Просечна пазарна цена по акција	81.947,64	99.266,79

Друштвото согласно Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп, Број 02-1979/1, донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 27.04.2022 година, во текот на 2023 извршен е откуп на сопствени акции на неколку наврати со што вкупно поседува 2.111 сопствени обични акции, односно 8.14% од основната главнина на друштвото.

	2023	2022
Заработувачка по акција	**'000 МКД**	**'000 МКД**
Нето добивка за годината	280,628	81,937
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции	**280,628**	**81,937**

	2023	2022
Заработувачка по акција	**број на акции**	**број на акции**
Број на обичните акции на 31 декември	25,920	25,920
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**11,493**	**3,187**

Дивиденда

На годишното собрание на Реплек АД Скопје за 2023 година, кое ќе се одржи во текот на 2024 година, ќе се изврши распределба на остварената добивка за 2023 година. Правото за остварување на дивиденда е согласно одлуката донесена на Годишното собрание.

Согласно Одлука за распределба на добивка донесена на Собрание на ден 26.04.2023 година, добивката по одаточување за 2022 година на Реплек АД Скопје во износ од 59.666 илјади денари е распоредена за исплата на дивиденда бруто износ од 49.418 илјади денари и во акумулирана добивка 10.248 илјади денари.

Од распределба на добивката по годишната сметка за	2022	2021	2020
	МКД	**МКД**	**МКД**
Бруто дивиденда по акција	**2,000**	**-**	**3,412**

Реплек АД Скопје во текот на 2023 година има приливи од дивиденда од фирми ќерки, во износ од 60.467 илјади денари.

08

ИНВЕСТИЦИИ

Инвестиции

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Во Друштвото континуирано се инвестира во градежни објекти и опрема, особено во зголемување на капацитетите на производството во Реплек Фарм ДООЕЛ Скопје.

Заради обезбедување на поверодостојни и порелевантни информации во финансиските извештаи, почнувајќи од 31 декември 2023 година Реплек како групација ангажираше независен проценител заради проценка на недвижностите, постројките и опремата на 31 декември 2023 година. Извештајот на проценителите се прифати и истиот се имплементираше во Консолидираните финансиски извештаи на Друштвото на 31 декември 2023.

во '000 МКД

Нето сметководствена вредност на	Земјиште	Градежни објекти	Опрема и транс. сред	Средства во подгот.	Вкупно
На 31.12.2023	2.574	1.091.067	803.923	17.626	1.915.190

во '000 МКД

Инвестиции во 2023 година прикажани по сегменти	Градежни објекти	Постројки и опрема	Опрема и транс. сред	Средства во подгот.	Вкупно
Реплек АД	**19,994**	**28,644**	**5,348**	**-**	**53,986**
Реплек Фарм ДООЕЛ	**2,101**	**28,969**	**2,376**	**16,898**	**50,344**
Канабис	-	12	169		181
Производство		24,903	135	15,710	40,748
Контрола на квалитет	274	1,589	528	375	2,766
Развој	-	132	34	-	166
Останати	1,827	2,333	1,510	813	6,483
Реплек Маркет ДООЕЛ	**590**	**-**	**-**	**-**	**590**
Вкупно:	**22,685**	**57,613**	**7,724**	**16,898**	**104,920**

09

ЗА МОЕ ДОБРО







replek

My wellbeeing.



МИСИЈА

СИНЕРГИЈА



ВИЗИЈА

ДОБРОСОСТОЈБА

ВРЕДНОСТИ

АГИЛНИ
ИНОВАТИВНИ
ЕДЕН ТИМ




replek
За мое добро.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-192911
21.03 2024 год.
СКОПЈЕ

Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување

Ние, членови на Управниот Одбор на друштвото Реплек АД, изјавуваме дека друштвото Реплек АД во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонската берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

Друштвото Реплек АД ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не се применил", преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на друштвото Реплек АД и дека одговорите во истите се точни вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на друштвото Реплек АД пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Датум 21.03.2024, Скопје

Изјавиле

РЕПЛЕК АД Скопје
Управен одбор

Претседател
Душан Пецовски

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Членови на Управен одбор:

Коста Котески-член

Марјан Велковски-член

Панче Гелевски-член